4 ТЕМА



Нејзиното величество:

МИЦКА ужасот

# ПАТИШТАТА И КРСТОПАТИТЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА





**Нејзиното величество**

# Мицка - Ужасот (во „елемент“ пред писмена)

Вам ви е многу гајле за мене, а јас треба да ве учам демократија. Па, и да знаев, немаше да ви кажам. А наставниците „ич не ме варат“. И сега наместо да се подготвувам за писмена... Хаос ин Лаос.



Госпоѓице Мицка! Колку што слушнав, Вие имате „писмена“ од познавање на општеството?

Да, бре... А професорката е жив давеж. Таа живее во историјата, кај неа сѐ е бившо... Те како направила Катарина Медичи, те Цезар водел војски... Нека водел и кози, не ме интересира... Па потоа Карпош таму скокал од мостот. Таа да сретне питон во прашума има да го удави со бла, бла. Си велам питонот ќе бара питонски права.

Е, па ајде да се договориме. Во овој разговор Вие сѐ ќе научите за утрешната писмена, буквално сѐ што треба за двојче – најмалку.

А ти да не имаш волшебно стапче???



Не! Ти го имаш, ама не знаеш за тоа. Демократијата не е само за „петкаши“, а уште поточно е дека демократијата најмногу ја разбираат бунтовните, кои работите не ги прифаќаат здраво за готово туку мислат со своја глава.

Ти навистина си доктор на науки? Тие вака не зборуваат, само нешто „се палат на големина“, а носовите треба да им ги симнуваат со стингери.



ОК! Имаме договор.

Демократското уредување на една земја се штити исто како што секоја друга држава си го штити **УСТАВНИОТ ПОРЕДОК**, и тука нема ништо ново. Тоа штитење на уставниот поредок е многу општо кажано и, понатаму во текстот, ние тоа ќе го образложиме едно по едно.
Идеологијата врз која се базира едно општество се штити на најразлични начини, а најважна е едукацијата на граѓанството. Некаде постои „официјална државна идеологија“, која ја предаваат специјално школувани идеолози. Таков беше примерот со нашето минато уредување, каде што постоеја професори по марксизам. ▸ ▸ ▸

Демократијата нема „официјална државна идеологија“ и не се штити со школувани идеолози, затоа што демократијата се живее овде и сега.
Има многу одговори на ова прашање, но најточно е тоа дека демократијата се одржува со силата на своите граѓани.

?

Билдаат типчињата, а?

Па, некои билдаат сигурно, но уште не е измислена справа за мозокот, а да имаше една за тебе, добро ќе ти дојдеше.
Но, за да дознаеш како една демократска држава се одржува во живот, и како **ИДЕОЛОГИЈА** и како **ДРЖАВЕН СИСТЕМ**, мора да знаеш по нешто за државите и основните принципи на меѓународното опкружување.

?

Е, сега знам дека си доктор... А да те запознаам со мојата професорка... Можеби ќе биде тоа љубов на прв поглед... и ќе имате многу деца „удави“.

Ужасно е тоа што го зборуваш, а гледам ти одговара и на прекарот. И јас имам еден пријател, кој се вика Кољо – Мозокот... Да те запознаам јас со него... Кога не е многу пијан, можеби ќе имате „вадење очи на прв поглед“.

ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

ОК! Слушам.



Една држава не се развива независно од она што се случува надвор од неа. Напротив, секоја држава зависи од светската политика и местото што таа го зазема на мапата на светот. Таа е само мал дел од големото шаренило на држави, народи и култури, а го достигнала својот развој благодарение на определена историја, која низ вековите се случила или „поминала“ на таа територија. Токму историските причини на една држава се главните причини што определуваат каква ќе биде таа, колку богата, колку голема, колку моќна... Тоа се одразува и врз начинот на кој таа ќе биде организирана. Што мислиш, да не беше Втората светска војна и Тито дали ние ќе имавме социјализам?

Значи, историјата на една земја и местото каде што се наоѓа се главни финти дали една земја ќе има демократија или перење мозоци од некои абдали!



Многу мудро, но тука да ги ставиш и опкружувањето на една држава и силата на нејзините граѓани да се изборат за „нешто повеќе“. Затоа нема две исти држави на светот, ниту според својата големина, ниту според местоположбата, ниту според моќта... Секоја земја не е исто организирана и средена однатре. Како ќе се организира земјата е многу тешко да се предвиди, но секогаш кога се прашуваат граѓаните, тие се определуваат за демократија. Соодветно на ова, некои земји имаат повеќе успех во спроведувањето на демократијата, а други помалку. Затоа за некои земји велиме дека се подемократски од другите. Сепак, постојат определени правила и традиции, кои се исти за сите и кои мора да ги има секоја земја за да може воопшто да се каже дека е демократска.

Но, во секој случај, врз судбината на една земја може да влијае и тоа каква власт постоела, какви политичари имаме и колку силни поединци ќе се појават, кои можат една држава да ја одведат во овој или оној правец.

Ете, сам си кажа. Доста со тие глупости за политика, какви биле луѓето... Најбитно е да се појават генијалци, кои државата ќе ја направат „кул“, знаеш, оние откачени типчиња, кои иако носат костуми сепак во душата се рокери.

Можат многу да влијаат. Но, треба да разбереш: тие твои „типчиња“ постоеле во историјата и ги има во секој период, но и тие „не паѓаат од небо“. И тие се деца на својата средина, што значи дека историското искуство на целата држава влијае и врз нив. Една држава го памети своето минато и тоа може да биде поучно за нејзините граѓани. Кога јас бев на твои години, целиот мој клас ја сакаше историјата, затоа што имавме за професор баш такво „типче“, кое знаеше да нѐ научи на поинтересниот начин. Сега, целиот мој бивш клас ја познава историјата.

Но, и социјализмот си го одбраа луѓето со гласање по војната.

Како да не! На кутиите за гласање немало ниту еден член што не бил од Комунистичката партија. Не ти се чини дека изборите биле 100% фалсификувани?

Под тие „природни својства“ се подразбираат географските карактеристики како што се: местоположбата на државата и какви соседи има, природните богатства, климата, големината на земјата по жители и по територија и слични работи.
**Но, сето тоа нема никаква врска со демократијата**. Не може да се докаже дека овие карактеристики на кој било начин влијаат врз тоа да се има или нема демократија. Единствено нешто што може да влијае, тоа е местоположбата на земјата, односно соседите што можат да влијаат. Но, ако соседите немаат демократско уредување, тогаш не може да постои влијание за демократизација на една земја. Местоположбата, нејзините соседи, уредувањата, економските карактеристики и историите на земјите се нарекуваат **ГЕОПОЛИТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ** на една земја.

?
Е, тоа да! И јас не сум од Тунгузија. Но, како тоа природните својства на територијата влијаат да има или да нема демократија?

Некои научници мислат дека одреден вид култура полесно создава демократија од друг. Ова е недокажана теорија и тие само си го вежбале умот. Не е докажана никаква врска меѓу демократијата и некоја одредена култура, во минатото и сега.

**За да имаме малку знаење за тоа како се одржува демократијата, мора да имаме барем најосновни знаења за тоа како се дошло до неа.**

Во стариот Рим владееле императори, но постоеле периоди кога тој бил република, односно кога владеел сенатот. Сенаторите говореле дека владеат во името на „граѓаните“, а тие се делеле на категории граѓани што можеле да одлучуваат и на оние што не можеле. Но, што им вредело кога тие во суштина биле робовладетелско општество. Можеш и сама да заклучиш дека она што некогаш се подразбирало под поимот „демократија“ во многу нешта се разликува од денешните сфаќања за демократијата.
Во минатото, во цела Европа, но и во светот владееле кралски семејства (благородници), кои своето право да владеат не го црпеле од народот туку, наводно, од Бога. Тоа го нарекувале „право на наследство на престолот“. Тие владееле во име на Бога и велеле „еден крал на небото, еден крал во државата“.

?
Знам, де! Ако си сосед на голема и силна земја, не можеш да речеш „не, благодарам - не прифаќам“. Така е и во животот. Нас сите нè малтретира еден повторувач, кој е најсилен од сите, иако е толку глупав што може да разговара само со дрво.

А како тоа владееле? Не можеле да се растргнат на сто страни. Не е државата африканско село, па владеј, а телефон и Интернет немале...





Факт!

Тие владееле со помош на своите роднини и други благородници. Државата ја делеле на војводства, деспотии... или не знам ти уште како ги викале, и на својот роднина или на другите благородници ќе им даделе да владеат таму, како мали кралчиња. Во некои области се знаело дека си владее одредено семејство со стотици години. Тоа нивно право го црпеле поради „сопственоста врз земјата" и од волјата на кралот. Но, и тие своите огромни имоти (понекогаш поголеми од денешна цела Македонија) ги делеле на „феуди", помали имоти, кои ги давале на „пониски благородници", а овие си плаќале на владетелот на областа и си ги „цеделе" кутрите селани. Селаните живееле на земјата на господарот и кога земјата се продавала, и тие „оделе" со неа. Речиси како ропство, но со таа разлика што селаните не можеле да се купуваат и продаваат и сами управувале со даденото парче земја за обработка, со тоа што огромен дел од приносот морале да му го даваат на својот „господар", како еден вид „закуп" за земјата што ја обработуваат и на која живеат. Дури и не смееле да одат од едно село во друго без да им јават на насилниците на господарите.

И немало никој да се побуни против тоа? Зар тогаш немало правдољубиви луѓе?



А како да се побунат кога не виделе ништо поарно. За да посакаш нешто, прво мора да видиш нешто подобро. Тие мислеле дека нивната бедна положба е од Бог, дека Тој така одредил. Црквата тоа го поддржувала. На Истокот било исто: свештените лица секогаш биле со власта или и тие ќе „појделе под ножот на силникот".

Но, рековме дека во историјата имало „типчиња" што не биле аристократи и немале „сина крв", но гледале подобро, затоа што од трговија или друг бизнис сработиле пари, па не можеле да се помират со тоа некој синокрвен шмокле да им кажува што да прават, да им наплаќа мостарини и патарини и по своја волја даноци, па дури и да има „право на прва брачна ноќ".

Молам? Што ти е сега тоа? Да не им „светел" на младоженците на првата брачна ноќ?

Не! Младоженецот „им светел" на неговата невеста и господарот.

Е, навистина „им бил мозокот на резерва", кога не зеле една ластегарка да му ја скршат главата.

И да се набодат на копјата на војниците од господарот, или живи да ги запалат? Дури и законите тоа им го дозволувале на господарите.

Ех, да ти се плукнам на таквите закони.

Важно е да знаеш дека тие први „типчиња" се појавиле во денешна Италија и тоа исклучиво во градовите. Селаните тогаш слабо имале „типчиња".

Да, кај нив имало само висококвалификувани копачи на компири!

Жива вистина.
Тие поединци биле газди на првите мануфактури (нешто како некоја многу примитивна фабрика), трговци, кафеанџии и воопшто, биле носители на развојот на тие први градови, со кои сепак владееле благородниците. Но, наместо во тие градови што сами ги развивале да имаат некакви права, правата ги имале тие други типчиња, со „аферим" од кралот. Нормално, тоа на овие збогатени поединци не им се допаѓало и се организирале. Тие први организации се нарекувале „populi", а нивниот водач го нарекувале „капитано populi".



И што правеле тие за да не ги малтретираат овие „манекениве"?

А ти што мислиш? Се организирале да им бакнат рака?
Тие почнале да им даваат отпор на благородниците, но понекогаш имало вистински судири и мали војни меѓу градските војски и овие популиве. На крајот, увидувајќи дека кралот на благородниците им праќа помош секој пат кога ќе има криза, движењето populi се притајува, станува „тајна организација" и почнува да ги ликвидира благородниците. Тоа било како една војничка организација, но во илегала. ▶ ▶ ▶



Значи, уште тогаш имало желба да се воведе некој вид демократско уредување, каде што луѓето ќе можат сами да одлучуваат за својата судбина.

Важно е дека со тоа пополи ги терал кралевите да носат нови закони, кои биле секогаш во корист на богатите трговци и газди на мануфактури. Тоа им одговарало и на луѓето, кои за работа во мануфактурите добивале многу поголема плата отколку во селата, каде што живееле како стока. Многу млади и тогаш бегале од „феудите" во градовите, каде што имало потреба од чираци. Со време, кралевите биле принудени од големите народни бунтови, кои секогаш биле предводени од овие нивни **ВОДАЧИ**, да донесат устави, со кои морале да признаат дека владеат и во име на народот, а не само во име на Бога.

И навистина, се случувало по тие приморски градови да има толку богати трговци, банкари и мануфактурџии коишто сепак биле „граѓани од втор ред" затоа што не се благородници. Имало и такви благородници што биле сосема осиромашени и работеле за овие први **КАПИТАЛИСТИ**. И затоа имало бунтови, немири, ликвидации, а кралот морал да прави нови законски отстапки... и така сѐ до Француската револуција.

?

Тогаш биле победени пополите?



Не Мицке, ајде размислувај. Пополите се во Италија, а револуцијата е во Франција, плус тоа ги делат шестотини години во времето.

Француската револуција е еден од најважните настани во историјата на демократијата. Наполеон, кој бил водач на револуцијата, прогласил рамноправност за сите граѓани и го вовел поимот **„ГРАЃАНИН"** во неговата модерна/современа смисла, слично на она што ние сега го подразбираме под тоа. Тогаш за прв пат е прогласено дека и граѓанинот може да владее, а не само аристократијата.

?

Јас за Наполеон мислев дека е коњак, а тој бил „тип".

Не Мицке, ајде размислувај. Пополите се во Италија, а револуцијата е во Франција, плус тоа ги делат шестотини години во времето.

Француската револуција е еден од најважните настани во историјата на демократијата. Наполеон, кој бил водач на револуцијата, прогласил рамноправност за сите граѓани и го вовел поимот **„ГРАЃАНИН"** во неговата модерна/современа смисла, слично на она што ние сега го подразбираме под тоа. Тогаш за прв пат е прогласено дека и граѓанинот може да владее, а не само аристократијата.

Па... повеќе „типче“ отколку „тип“. Бил висок „метар и жилет“.

Мислиш колку тебе?

Малку понизок, речиси колку тебе.



Ај сега остави кавги. А како му текнало на Наполеон таква работа? Не може да ти текне нешто „од мирно седење“.



Е, тоа е вистинското прашање.

Во времето на Наполеон веќе постојат големи имиња, кои пишуваат на полето на филозофијата, науката, се развиваат доста науки и најважно од сè: веќе постои богата класа капиталисти, банкари, трговци, бродосопственици и други припадници на КАПИТАЛИСТИЧКАТА КЛАСА, кои се носители на сите прогресивни идеи. Значи, Наполеон не го измислил сето тоа, туку едноставно во државата се создал доволен број образовани луѓе, кои сонувале за промени на системот на кралско владеење и почеток на ново општество, каде што луѓето ќе имаат повеќе слобода. Тоа се нарекува „дух на времето“ и тоа ти е исто како да стоиш на сонце: сакала – не сакала ќе те огрее. Така и Наполеон и многу други ги огреало сонцето од книгите на „преродбениците“ и „просветителите“.



Тие да не биле вработени во електродистрибуција?

Не, биле вработени во твојата глава за собирање мозок и немале воопшто работа.



ОК, извини, интересно е - продолжи.



Тоа се најнапредните мислители во тоа време, прво едните, па другите. Инаку, пред тоа периодот се нарекува „мрачен“, затоа што единствено црквата и благородниците жареле и палеле, а народот бил третиран како стока. Дури и во литературата и во уметноста се пишувало само за љубовта кон бога, верата, верноста, чесноста... Тогашната уметност била исто така мрачна, како што биле мрачни и сите тие векови исполнети со војни, страдања и страв „да не бидете запалени како вештерка“.

Значи, од таму потекнува она „лов на вештерки“?

Да, но за тоа подоцна.
Значи, демократијата не паднала од небо, туку неа луѓето со векови ја посакувале, но за да се појави, таа бара доволно едуцирани умови во една земја и поволна клима, но не клима од сонцето, туку ОПШТЕСТВЕНА КЛИМА. Ако ги нема, таа може да си почека уште едно стотина години. Нејзе тоа не ѝ е проблем.

Е, ова со политичката клима треба да ми го објасниш.



Политичката клима е исто како она што го нарековме „дух на времето“, а старите рекле дека „времето слама продава“.
Политичка клима значи да има доволен број **ИДЕОЛОЗИ НА СЛОБОДАТА**, односно мислители што ја проучуваат и за неа пишуваат за луѓето да се образуваат; доволно луѓе незадоволни и незаведени од празните зборови на диктаторите и религијата, доволно храбри да се осмелат да ја земат судбината во свои раце; доволно ослабено кралство за да не мора да се борат со мотивираната војска на царот, што значи дека и во тие војници, кои треба да ја гушат слободата, да има влезено од тој „дух на времето“, од таа **СЛОБОДАРСКА ИДЕОЛОГИЈА**.
И нормално, потребни се силни водачи - (во прво време) капиталисти, кои ќе дадат пари за оружје и знаење за демократијата, за таа да не се претвори во „Слези Курто да се качи Мурто“.
Значи, во тоа време демократијата морала да се извојува од благородниците, затоа што не може да има каква било рамноправност ако тоа не е напишано во законите.

Сега ја сфатив целата финта. Ако нема крал за да се колне дека Господ му ја дал власта на неговото семејство, мора да се бира кој ќе владее. А како да се бира - со избори? А зошто онаа „удавон“ не ни кажа вака?

Потоа демократијата се пробивала низ историјата, час слабеела, час јакнела, попримала различни форми, па дури се создадени и такви земји во кои владее крал/кралица, но преку избрани претставници на граѓаните.
Во некои земји, таа е наполно убиена од диктатори, но сето тоа било џабе.
Во светот демократијата станува светски процес.

?

Без лутење, но кажи ми зошто морав да го знам сето ова?



Демократијата е слободарска и сака да вклучи што повеќе луѓе, таа не гуши туку дозволува... Но, немој да помислиш дека е **наивна**. Затоа и ти го кажувам сето ова, за да знаеш какви можности постојат без демократија. Демократијата е претпазлива заради нас самите. Таа добро научила дека човековата желба да владее може да биде ненаситна и неограничена. Моќен човек, ако нема морал и чувство за другите луѓе, може да преземе најнезаконити дејства за да дојде на власт, користејќи ги демократијата и слатките зборови. И тогаш прво што ќе му пречи е демократијата. Не е лесно навреме да го откриеш таквиот автократ. Поради тоа се изучува тој историјат на ослободувањето на човекот од многуте видови робувања и одот од тоталитарните општества кон сегашните. Ако човек знае што може да се случи, тогаш нема да дозволи тоа да се случи, тој ќе се бори против „убивањето" на демократијата. Ако човек знае колку животи се изгубени на барикадите на граѓаните против царските војски, во бесполезни војни само заради забава на владетелите или заради поголема територија, колку животи се ставени под нозете на диктаторите и среброљубците, тогаш нема да дозволи тоа да се случи повторно. Историјата само опоменува!

?

Значи, вака! Ти одоколу сакаше да ми кажеш дека демократијата, меѓу другото, може да се одржува и преку учење на историјата?





Многу мудро. Со ова имаш двојче – сигурно. А ниту тројче не е за фрлање. Да дозираме за тројче? Но, не ме сфаќај погрешно. Не е само историјата таа што ни помага да сфатиме зошто мора да ја чуваме демократијата и да ја унапредуваме.

Секое **образование** ни помага да ги сфатиме вредностите на слободата на човекот. Така, читајќи ги романите на класиците, ние учиме за човековиот карактер и дух, ја развиваме способноста за изразување и за ораторство, што ќе ни помогне нашите мисли и идеи да ги искажеме најдобро. Тоа е основниот јазик на демократијата: мудри, насочени мисли, кои ќе им ги кажеме на соговорниците за да ги претставиме своите идеи. Тоа помага при напредување во кариерата или во политиката. Најголемиот број идеи во тие литературни дела се слободарски. ▸ ▸ ▸

Дури и да има судир, со добра идеја и добар говор можеш да го ублажиш судирот. Поради тоа велиме дека демократијата „преговара со сите“.
Исто така, мора да постојат одредени вредности во политиката и секојдневното живеење, кои ќе го потпомагаат мирољубивиот натпревар на идеи и политички начини на дејствување.
Вредностите се многу битна работа. Еве ти, на пример ,ги цениш „типчињата“ што се бореле против благородниците, за правата на граѓаните. Тоа е, во суштина, слободарска идеја. Тоа е вредност.
Некои вредности се само твои – лични, и другите не мора да ги сакаат и почитуваат, но некои други вредности се прифатени од целото општество како вредности на демократијата. Некои ОПШТИ ВРЕДНОСТИ се толку битни и прифатени што се запишани како ПРИНЦИПИ. Тоа се...

## УСТАВНИ ПРИНЦИПИ! Јес!

Тоа е врвниот закон за една држава и нема држава без устав.
Потоа, тоа е правото, односно одлучувањето на законски начин, а не како што ќе им текне на луѓето.



Но, зошто право? Зар не е подобро да има ПРАВДА?



Ако во оваа држава се воведе правда, а не право, јас веднаш се селам во странство. Кое право? Твоето? Моето? Нема двајца луѓе на кои исто им се чини. Секој има свое гледање на работите. Демократијата најмногу се брани преку владеењето на правото и правните средства. Историјата нè учи (гледаш, каква е таа, како некој магацин – има пример за сè) дека „правото“ се користи како што ќе му текне на владетелот. Хитлер се повикувал на „природното право“ на ариевците (Германците) на животен простор. И после ја освоил цела Европа и биле предизвикани такви нарушувања... Знаеш и сама, до толку си учела... „Правдата“, а не придржувањето кон законите е сигурна смрт за демократијата.
Еве и некои други принципи, кои не мора да бидат запишани и претворени во закон, но на нив мора да се придржуваме.

- Почитување на различните мислења, а тоа особено важи за политиката. Тоа се нарекува **ПЛУРАЛИЗАМ НА МИСЛЕЊА**.

?

А како ќе знаеме што е точно, а што не?

Точно? За она што е точно одлучува мнозинството граѓани. Каде што има повеќе мислења, мнозинството ќе одлучи. Но, тоа не е секогаш така. На пример, за некои размислувања е битно стручното мислење.

?

Па, се разбира, нема белки министерот да ми поправа заби, или пожарникарот да ми издава катастарски документ.

Токму тоа.
Ни во фабрика не можат да одлучуваат работниците ако не се сопственици на фабриката. Дури и да има само еден газда, а илјада вработени, ќе одлучи газдата.

?

Но, како може еден газда или газдарица да одлучува во име на илјада работници? Не ти е тоа неправедно?

Пак ти со правдите. Треба право, а не правда. Законот вели дека за водењето на фирмите одлучува директорот, а директорот го слуша газдата, или ќе добие „шут карта“. Правото на приватна сопственост е појако од правото на сопствено мислење во врска со туѓ имот, и тоа е поентата.

?

Мене пак ми се чини неправедно, па нека е и илјада пати сопственост на газдата.

Тоа е твое право на мислење. Мое е да ти напоменам. До 1990 година, во време на социјализмот имаше „општествена сопственост“, а уште пред тоа се нарекуваше „државна сопственост“. Но, да знаеш! Државата или „општеството“ се лоши стопанственици и единствено што можат да направат е да ја пропаднат фабриката или да ја ограбат, па сите работници да останат без работа, а газдата без имот, за кој сигурно се мачел цел живот. Фабрика без газда, или газди, тоа е како селски велосипед – и едното и другото го јаваат сите додека не го уништат.

Работниците имаат сопствени права што се гарантирани со закони, имаат **СИНДИКАТ** преку кој остваруваат права, но сите тие права нема да обезбедат тие да управуваат со туѓ имот. Едно од основните начела во уставот е **ПРАВОТО НА ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ.**

Така се брани демократијата: штитејќи ги сите права на граѓанинот, а особено правото на приватна сопственост, затоа што туѓото е многу послатко кога не е заработено и сите сакаат по малку од него. Рековме, демократијата не е наивна. Си прочитала ли дека по Втората светска војна беа конфискувани куќите од богаташите? Знаеш ли кој се всели во нив, откако ги избркаа дотогашните газди?

Но, каде е тука правдата?

Пак со правда. Еве вака. Ние не се раѓаме исти меѓу себе. Еден има способности за спорт, друг за бубање, трет за трговија, некој се раѓа брз, а некој бавен. Секој си ги користи своите способности. На пример, јас имам пријателка што многу добро изгледа. Таа стана манекенка и заработува огромни пари од тоа. Зошто ти да не можеш да бидеш манекенка? Каде е тука таа твоја правда? Или постојат луѓе со фотографско паметење. Додека јас десет пати ја читам скриптата, некој со едно прочитување зема десетки. А тука? Каде е тука правдата? Или последниот пример. Јас работам дванаесет часа на ден и одвај „спојувам крај со крај", а мојот пријател се ожени со една пребогата девојка и не мора воопшто да работи. Правда?

**Демократијата не нуди правда. Таа само нуди еднакви шанси за успех на сите и долго „пливање" кон сопствената цел.**

Важна работа е и еднаквоста на граѓаните во политиката и тоа значи: еден човек - еден глас на изборите. Тоа е еден принцип што граѓаните го препознаваат како демократски и се подготвени да го бранат. Дали виде како граѓаните реагираат кога се случуваа изборни нерегуларности? Тоа е воедно и одбрана на демократијата.

Други нешта поради кои граѓаните ја сметаат демократијата за уредување, кое е почовечко и пофер од другите:

- Економска развиеност на демократските општества. Тој факт може да се види и на теренот. Високиот стандард во развиените демократии се должи на слободниот пазар, на кој постои слободна конкуренција, па така само најдобрите „остануваат во игра". Тоа значи дека кога најдобрите од најдобрите го водат стопанството, тоа не може да биде лошо. Конкуренцијата значи и подобар производ, и пониски цени, и подобри услуги за граѓаните. Но исто така, тоа значи и повеќе пари во државната каса од даноците. Тоа е следно.
- Поголемиот државен буџет произлегува од силните стопанства, но и од брзината на обртот на парите. На пример, со исти пари на еден слободен пазар ќе се направат десетици зделки за една година. Тоа значи многу профит и многу данок во државната каса, подобра социјална заштита, подобра комунална опрема, подобри патишта. Дали сега сфати дека „поголемата подвижност" носи поголема корист? ▸ ▸ ▸

- Пазарот во развиените земји е мошне заинтересиран за иновации. Истражувањата се мошне скапа работа и можни се само ако има голем буџет и расположение кај тие што носат одлуки. Во демократските земји има традиција на одделување големи пари за науката. Така, пазарот добива голем број иновации што „прават пари“ и го јакнат стопанството. Исто како што државата ги финансира истражувањата, така и големите приватни фирми – корпорации финансираат истражување. Тие тоа го нарекуваат „финансирање на развојот“. Мислиш дека џабе го нарекле тоа така?
- Доброто пазарно стопанство во демократските земји нуди уште стотици погодности (достапни и евтини кредити, одлична инфраструктура, добра здравствена и социјална заштита, силно синдикално организирање, голем избор на професии...) и голем број стручњаци мислат дека демократијата е најпривлечен државен систем токму поради тоа. Тоа значи дека демократијата е силно поддржана од доброто стопанство. Исто така, и доброто стопанство е поддржано од демократијата.

Постојат и некои работи што не се поврзани со слободниот пазар и нив ќе ги наброиме накусо.

- Голема хоризонтална и вертикална подвижност на населението. Тоа значи дека ако човек работи и се труди, може да напредува во службата и со тоа многу да ги зголеми своите приходи. Тоа е „вертикална подвижност“ (напредување од долу – кон горе). Во развиените земји, кога човек ќе се збогати, тој најчесто се преселува во подобро маало (кварт), и тоа е „хоризонтална подвижност“. Трката по подобро работно место, истражувањето на пазарот и самиот бизнис ги прават луѓето поподвижни, што се однесува до менувањето на местото на живеење и менувањето на социјалната средина. За некого кај нас тоа не е битно, но во развиените земји тоа е остварување на дел од соништата на луѓето и затоа - **сништата не се за потценување.**
- Многу важна работа за една демократија: позитивна селекција на кадри. Тоа е во врска со конкуренцијата, која не мора да биде само на пазарот.



!

Знам, тоа е најчеста причина за расправии... Те овој го поставиле поради послушноста, те онаа ја поставиле поради мажот, те станал директор а не го бидува... Само за тоа се зборува кај нас. Мене ми е смачено од тоа. Зар е можно ниту еден функционер да не вреди пет пари... Мислам... така зборуваат.



**Тоа е огромен проблем, кој има повеќе страни.**
Од една страна, навистина има многу примери кога луѓе се поставувани во државните органи, во големите фирми и јавни претпријатија без да имаат способност и чесност да управуваат. Кога си ставаш роднини на власт, тоа се нарекува НЕПОТИЗАМ, кога си ставаш партиски луѓе, тоа се нарекува ПАРТИЗАЦИЈА на државата, а кога на раководни места доаѓаат луѓе поставени да крадат тоа се нарекува криминал или КОРУПЦИЈА. Ете поради тоа се намалува подготвеноста на граѓаните да ја бранат демократијата и губат верба во неа. Ова се нарекува „негативна селекција" во изборот на кадри. Тоа значи дека политичките партии, поради себичните интереси на поединци, на раководни места поставуваат луѓе што не се најдобар избор. Тие дури можат да бидат чесни и посветени на работата, но едноставно Господ не им дарил способност за водство. На правилното и корисно носење одлуки мора да му претходи ПЛАНИРАЊЕ, а тоа можат да го направат само многу надарени и учени луѓе. Но, и самото остварување на она што е планирано е исто така тешка работа, затоа што и тоа мора да се испланира. Значи, се планира и потоа се планира како тоа да се спроведе, да заживее и да чини најмалку пари. Потоа испланираното се спроведува во дело и тоа се нарекува **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**. За една држава, планирањето е далеку најбитната работа.
На пример, и ти можеш да испланираш каде и како да се изгради пат, но тој ќе чини толку скапо што поевтино ти е на луѓето да им купиш хеликоптери, па да не е потребен таков пат.

!

Јас можам да ти испланирам каде да има кафуле, кои пијачки да се служат таму и кој да биде диск-џокеј. Гарантирам пари како плева.

Чекај прво да завршам со претходното.
Многу мислители кажуваат дека позитивната селекција, или изборот на вистинските луѓе за вистинските раководни места, е подобра во демократијата. На пример, при изборите. Прво го познаваш кандидатот, или го познаваат луѓето околу тебе. А и да не го знаеш, слободните медиуми ќе најдат вистински информации за кандидатот. Така добиваш право на аргументиран избор. ▶ ▶ ▶

А сега за она што го рече за кафулето: можеби твојата дарба е да бидеш менаџер или газдарица на кафуле. Кој знае? Но, и тоа да знаеш, ако си школувана, шансите ти се поголеми. Немој да се задоволуваш со тоа, туку сонувај и работи на својот сон. Соништата, ако работиш на нив, можат да бидат планови.

**Рим не е изграден преку ноќ, но првин е сонуван па е изграден!**

?

И сега што да правиме ако сакаме да живееме во силно граѓанско општество, да не речам кои му се својствата и модните детали по кои го препознаваме?

Види Мицке, ти изгледа не ме следиш добро! За силното граѓанско општество (здруженија на граѓаните) веќе се говореше во другата тетратка и нема да повторуваме. Само ќе кажеме дека тоа не е можно без демократија. Слободата на здружување на луѓето е придобивка, која луѓето ќе ја бранат и одржуваат.

Рековме дека натпревар не мора да има само на пазарот и во политиката. Секој натпревар е добар за општеството. Ако нема натпревар, нема ниту напредок. Сепак треба да се биде внимателен натпреварот да не премине во конфликт. Натпреварот во демократијата може да се однесува и на групи луѓе, а не само на поединечно ниво. Ти можеш преку групите на кои им припаѓаш подобро да се истакнеш и самореализираш. Без демократија, одредени групи не би имале право да се натпреваруваат со другите – помногубројните. Тоа нè доведува до општествена разновидност и богатство на култури, религии, посебни групи... Тоа може да биде предност на една демократска држава, која треба да се негува.

Голем број автори мислат дека во демократијата довербата е пораспространета – ја има повеќе, а исто е и со еднаквоста меѓу луѓето. Можеби тоа се должи на добриот правен систем и деловните начини на работа, кои таму се негуваат. Знаеш и сама дека без доверба нема соработка, а без соработка нема добар бизнис, култура и слични нешта.



И на крајот, мислам дека ова тебе многу ќе ти се допадне. Во развиените демократии има многубројна и добро платена СРЕДНА КЛАСА. Во едно општество не е добро луѓето да се поделат на две големи групи: на премногу богати и на премногу сиромашни. Тоа создава големи проблеми и нетрпеливости. Тоа е овозможено од пазарот и од добрата социјална политика. Во демократските земји средната класа е водечки социјален слој. Се мисли дека таа класа е најприврзана кон демократијата.

?

Па, дали е сè толку идеално? Немој сега да ми речеш дека сите луѓе сакаат да ја одржуваат демократијата. Зошто кај нас толку многу ја критикуваме? Да се појават сега од некаде тие популите, ќе речат зошто се боревме?



Далеку од идеално! Идеално општество не постои, а и да постои тоа не може да ги задоволи сите барања на секого.

Така, има карактеристики на општеството што ја оневозможуваат или го кочат развојот на демократијата. Таа не е статична и се развива, а општо гледано – оди кон подобро, ако за подобро се смета доброто на граѓаните, а не на некои елити.

Има периоди и ситуации што ги оневозможуваат меѓусебната доверба на граѓаните и миролјубивиот дијалог. Тоа ја слабее вербата во демократијата. Такви се:

- отсуството на заеднички политички или уставни вредности. Тоа доведува до конфликти и до желби за одвоен живот на одредени групи. Демократијата има методи и начини за решавање на тие ситуации, но дали политичките елити сакаат да ги применат тие решенија?
- насекаде во светот, па и кај нас постојат луѓе и групи што немаат доверба во политичките институции и спрема учеството во политиката. Тоа најчесто се должи на примерите на злоупотреба на власта и поради лошото решавање на проблемите од страна на власта. Сепак, тоа не значи дека ние треба да се изолираме од нашето политичко право да дејствуваме врз таа власт за да се подобри. За тоа постојат начини и досега е увидено дека кога граѓаните поведуваат организирани акции за менување на некоја владина одлука, власта се повлекува.
- кај одредени групи или слоеви на граѓанството понекогаш се случува родителите да не ги пуштаат децата да се школуваат. Исто така, во некои општества, иако се демократски, понекогаш се случува да биде забрането школувањето на децата на мајчин јазик. На трети места не сакаат да ги пуштат женските деца да се школуваат. А вистината е дека: никој нема право да забрани луѓето да се школуваат, независно од верата, религијата, полот или врз која било друга основа. Овие појави мошне негативно дејствуваат врз свеста дека демократијата треба да се чува, одржува и унапредува. Без образование, тоа не е можно. Тоа за резултат го има исклучувањето на одредени групи или слоеви население од сите демократски процеси, па дури и од гласање при изборите.

Но, има и поопасни работи што ја демнат демократијата, па дури и ти можеш да ги видиш во секојдневниот живот.

Мислиш на професорката „удав“?

Не, мислам на друг „удав“ за демократијата, а тоа е економското и социјалното раслојување, кое доведува до формирање на малку богати и многу сиромашни граѓани. Силната и изразена поделба на сиромашни и богати создава проблеми и нетрпеливост. Демократијата секогаш најуспешно функционира со развиена и силна средна класа. Поради тоа, должност на една демократска држава се социјалните закони, кои ги штитат помалку способните, помалку пробивните, луѓето што едноставно немале среќа, кои се осакатени, родени со телесна маана... а исто така и оние што останале без работа, имот и сл.

Но, кај нас социјалната помош е толку мала!

Да, но погледни колкави се платите на вработените и колку има невработени и пензионери. А од друга страна, погледни колку луѓе има „на социјална помош„, а работат друга работа и заработуваат добро. Демократијата ги поддржува правата на граѓаните, но и тие мора да сфатат дека со секоја таква злоупотреба на дадените права, тие ја поткопуваат државата. Јас лично сум слушнал нивни коментари, кога плукаат на сè и сешто, а потоа одат на „тезгата“ да го соберат прометот – голем колку десетмесечна социјална помош. На тој начин тие ќе постигнат да се испразни касата за социјална помош и таа да се укине за сите.



А дали Вие господине знаете дека митото во Македонија е како „добро утро“. Знаете ли Вие што вели обичниот народ за луѓето што „го фатиле местото“ и сега „дерат по стотина папаски на ден“ - од европските натурлих?

Да, беззаконието и корупцијата се крајот на секое демократско општество и тие мора да бидат спречени, или победени. Доколку луѓето се помират со нив како неизбежност, тоа е крај за демократското владеење, затоа што нема да функционира најбитниот нејзин дел – ПРАВОТО.

А од каде да се тргне против тоа, господине?

**Не сум веќе „батка“, почна да ми персираш?**

Леле, се заборавив на момент. Извини... не... Мислам, што ти е тебе гајле?

Тоа е Мицке, моќта на образованието.
Таква е и демократијата. Јас тебе ти го посветив овој половина час, за да размислиш за себе. Демократијата исто така се обраќа на поединецот – граѓанинот. Нивниот дијалог е обостран, без посредници.

А дали е тоа сигурен секс?

Не секс, туку однос... А сигурен? Посигурен – здравје.
Демократијата не зависи само од општествените состојби и вредности туку многу зависи и од ставовите и однесувањата на поединците. Тоа би можело да значи дека прво треба да погледнеме во својот двор, а потоа и во туѓите.
Еве, размисли и сама. Зар не си полна со некои ставови што само ти прават непријатности во твојот живот?
Но, има и такви навики на голем дел од населението што не придонесуваат за развојот на демократијата, туку ја гушат и оневозможуваат. Такви се немањето солидарност, доверба, желба за иницијатива, желба за соработка... Тоа значи дека господинот граѓанин нема **ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ**.
Секој поединец треба да се труди да биде што е можно повеќе ангажиран во граѓанската сфера и да придонесува за општото добро. Граѓанинот треба да биде во тек со јавните прашања и да има разумни очекувања од власта. Од друга страна, треба власта и да ја контролира. Така ја штити и демократијата.
Доволно е да напишеш само едно писмо до некоја институција и да се пожалиш на нивната услуга, или на што било и ти си придонел за подобрување на таа институција. Можеби директорот и не знаел дека така стојат работите.

Замисли само што би добиле кога сите граѓани би биле себични и заинтересирани само за лична корист, изолирани, не се вклучуваат во јавниот живот, туку само „трачарат“ по фризерки и кројачи?
Граѓанинот понекогаш јавно мора да каже „не“.

Па, јас тоа постојано го правам. За мене „не“ е второ име.

Тоа е добро, но твоето „не“ никој не го разбира сериозно, затоа што никогаш не велиш „да“.
Или, замисли ги оние типчиња што само одат од јавна средба на јавна средба и само плукаат на сè и сешто, а во својот живот не поработиле ништо. Дали сакаш да станеш една од нив? ▸ ▸ ▸

Сепак, најважни се оние мислења и постапки на политичките лидери и на јавните службеници. Одлуките на лидерите во политичкиот систем, како на пример, нивните ставови спрема употребата на моќта и авторитетот, можат да имаат значаен удел за тоа дали демократијата ќе биде успешна или не.

?

А што се пак толку битни? Нели рече дека секое мислење е важно и дека демократијата се базира врз поединецот?

Види ја ти неа! Тројката ја прескокна и сега граби...
Политичките лидери имаат посебен вид одговорност и во нив се инвестирани посебни моќи. Знаеш ли Мицке, колкава моќ има еден лидер или премиер?

?

Да, видовме сите. Кој да й „спишти" на владата, таа мора да прифати. Мене ми се чини дека џабе ја чуваат полицијата, па да им писне... Нели, рече дека демократијата се чува и со полиција и војска?

А дали имаше потреба владата да ги пушти полицајците да ги тепаат работниците? Нели рековме дека со „пуштање полиција" и баба ми знае да владее додека не заврши како Чаушеску. Тој многу знаеше да пушта полиција и војска, но сега е во „вечните ловишта".
Лидерите мора да знаат да не ја злоупотребуваат моќта, а најдобар начин за тоа е да го почитуваат законот. Тој важи и за нив.
Исто така, демократијата се чува со некористење на јазикот на **судирот и војната**. Има делови од народот што сакаат да слушаат бајки, кои започнуваат со „народе", „сестри", „браќа", „нашата крв", „нашата земја", „да живее", „смрт"... Тие приказни никогаш не завршуваат среќно ниту за граѓаните ниту за тие што ги изговараат.
Воопшто, тој начин на „шуплив говор" и манипулација со граѓанството се нарекува ДЕМАГОГИЈА и народот измислил една убава поговорка за тоа:

**„Мижи Асан да ти баам".**

Има една специјална демагошка тактика на некои неодговорни политичари за освојување на избори, а се нарекува **ПОПУЛИЗАМ.** Тоа во превод значи дека на народот ќе му го зборуваш она што тој сака да го слуша. Прво малку подзапали го со историја, со лаги, обвини го другиот етнос, другата религија, другата партија, па потоа...

Потоа прави се „цвеќе за мирисање“ - „па ние не бевме криви, нè натераа, немавме избор...“.

Популизмот најчесто е добар пат до војна и до уривање на демократијата. Тој се повикува на омраза кон ДРУГИОТ.

И последно, лидерот мора да има големи лични квалитети. Желбата за слава и публицитет не смее да го натера да ги жртвува јавните интереси за сметка на сопствените. Тој мора да е и морална личност.

**Оној што не ги поврзал политиката и моралот, не сфатил ништо ниту за едното, ниту за другото.**

**Демократијата е одржлива сама од себе само кога тие две нешта едно со друго ќе бидат силно поврзани.**

Дали си задоволна?

Ма, пушти го тоа. Сакав да прашам: што стана со оние „популите“, тие исчезнале?

За жал, не! Денес се нарекуваат само поинаку: мафија. Тоа ти покажува дека една сила што еднаш била прогресивна и напредна може да стане пречка за понатамошниот развој на демократијата. Во демократијата сè се менува, затоа што расте и растот најмногу од сè ја одржува како општествен систем.

Е, сега ми иде да паднам во несвест.



